Белези на кожата



# Белези на кожата - бемки

## Важни работи

- **Белезите на кожата се многу честа појава**
- **Причината за нивната појава е непозната**
- **Повеќето белези на кожата не создаваат проблеми**
- **Повеќето белези на кожата не треба да се лекуваат**
- **Многу белези на кожата избледуваат со текот на времето**

## Што се тие?

Постои поголем број вообичаени белези на кожата што се присутни уште од раѓањето и кои со еден збор се нарекуваат "белези од раѓање". Нивната појава обично подразбира и поголема развиеност на структурите што обично се присутни во кожата, како што се крвните садови (во тој случај се нарекуваат белези од крвните садови или хемангиоми) или клетки со потемна боја (во тој случај се нарекуваат брадавици). Причината за нивната појава е непозната. Кај повеќето бебиња тие не предизвикуваат поголеми проблеми и повеќето такви белези не треба воопшто да се лекуваат.

## Какви различни видови белези на кожата постојат, на кои места се јавуваат и како се постапува со нив?

### Белези од крвните садови (хемангиоми)

Најчест белег од крвните садови е рибиниот белег или "каснувањето од штрк", кој се јавува како мазен црвен белег на тилот кај 50% од децата при раѓањето. Тој понекогаш може да се јави и на друго место на главата или на вратот. Најголемиот број такви белези на лицето исчезнуваат во рок од пет години, но оние на тилот обично остануваат.

Испапчен облик на белег од крвните садови е вистинскиот хемангиом, или јагодестиот белег. Тој се јавува неколку месеци по раѓањето, за разлика од рибиниот белег кој е присутен од самото раѓање. Ваквиот белег брзо расте во текот на шест месеци и формира црвено меко испапчување кое може да биде со различна големина, од половина сантиметар до неколку сантиметри. Дури кај 10% од децата може да се јават вакви хемангиоми. Повеќето од нив со текот на времето се смалуваат и исчезнуваат без лекување. Понекогаш, ако белегот е многу голем и расте брзо на некои посебни места, како што е пределот околу очите, носот или устата, може ќе треба да се лекува. Понекогаш, многу кратко лекување со кортизон, препишан од лекар и кој се прима на уста, ќе го запре растењето на ваквите големи хемангиоми.

## Обоени белези

Обоените белези настануваат поради зголемување на бројот на нормалните обоени клетки (меланоцити) во горните слоеви на кожата. Најчест вид на ваков белег е монголската дамка. Тоа е мазна површина со сиво-кафеава или сино-сива боја што најчесто се јавува во долниот дел на грбот. Таквите белези се присутни уште при раѓањето и не се опасни. Најчесто се јавуваат кај бебиња со маслинеста или потемна боја на кожата (повеќе од 90% од азиските бебиња имаат такви белези, во споредба со 5% од англо-саксонските бебиња). Монголските дамки постепено избледуваат со текот на времето.

Вродениот меланоцитен белег (брадавица што се јавува уште при раѓањето) е безопасен израсток од обоените клетки што може да биде присутен уште при раѓањето, или да се јави во текот на првите неколку месеци по раѓањето. Таквите дамки може да бидат со различна големина, од неколку милиметри до неколку сантиметри, и може да бидат испапчени и лесно видливи и опипливи во споредба со монголската дамка, која не е испапчена.

Повеќето брадавици што се присутни уште од раѓањето не претставуваат никаква зголемена опасност од појава на рак, па затоа не е потребно да се лекуваат. Меѓутоа, понекогаш оние што се многу големи, поголеми од 20 сантиметри, може да претставуваат опасност од добивање на рак на кожата. Големите брадавици се лекуваат со оперативно отстранување или понекогаш со ласерска операција.

Дамките обично не се присутни при раѓањето. Тие претставуваат зголемување на бојата што ја произведуваат клетките за боја (меланоцити). Тие се јавуваат во раното детство при изложувањето на умерени до големи количини на сончева светлина, и тоа на најизложените места, како што се образите, задниот дел на подлактиците или задниот дел на надлактиците. Појавата на дамки може да се спречи со користење на добра заштита од сонце. Поголемиот дел брадавици не се присутни уште од раѓање и обично се јавуваат во текот на детството и раната младост.

## Натамошни информации

Вашата медицинска сестра за здравјето на мајките и децата.
Вашиот семеен лекар.
Лекар специјалист за кожни болести - дерматолог.

© 2002, Department of Dermatology, St. Vincent's Hospital Melbourne, Victoria Parade, Fitzroy, Victoria 3065 Australia.